INTEGRATED BUSINESS INSTITUTE
ПРИВАТЕН НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА

# Конкурс за студентска мобилност во рамки на Еразмус + програмата за зимскиот семестар

Согласно Erasmus + Повелбата за Високо Образование (Erasmus Charter for Higher Education) за периодот 2014-2020 година бр. 268278-EPP-1-2014-1-MK-EPPKA3-ECHE и склучените меѓуинституционални Еразмус договори, Институтот за бизнис економија објавува конкурс за студентска мобилност во рамки на Еразмус + програмата, за избор на студенти за студентски престој во времетраење од еден семестар во зимскиот семестар во академската 2017/2018 година. Студентите можат да се пријават на една од следните високообразовни институции:

| Институција | Еразмус код | Место | Број на студентски мобилности | Повеќе информации на |
|---|---|---|---|---|
| **University College of Economics and Culture (Ekonomikas un kulturas augstskola)** | LV RIGA33 | Рига. Латвија | 1 | http://www.augstskola.lv/content.php?parent=122&lng=eng |
| **University of Economics in Bratislava** | SK BRATISL03 | Братислава, Словачка | 3 | http://www.euba.sk/erasmus |
| **Universita di Foggia (University of Foggia)** | I FOGGIA03 | Фоџа, Италија | 2 | http://en.unifg.it/international/studying-unifg/incoming-students-0 |
| **University of Maribor** | SI MARIBOR01 | Марибор, Словенија | 1 | http://www.um.si/en/international/erasmus/Pages/default.aspx |

Критериуми за избор:

1. Да биде редовен студент на Институтот за бизнис економија
2. Остварениот успех за време на досегашното студирање;

За аплицирање на конкурсот, заинтересираните кандидати потребно е да достават:

1. Апликација
2. Мотивациско писмо

Заинтересираните кандидати може да се обратат за информации кај Еразмус координаторот м-р Елена Ивановска, до кого се доставуваат документите за аплицирање.

**Крајниот рок за аплицирање е 1-ви мај, 2017 година.**